ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**Сектор за урбанизам, комунални работи
и заштита на животна средина
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-596/4
07.09.2021год.
Гевгелија**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија и донесената Програма за измена на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2019 година, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на деталниот урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Повторена јавна презентација и јавна анкета за
Детален урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2,
општина Гевгелија**

Границите на планскиот опфат се:
- на **север** границата се движи по северните граници на катастарските парцели КП6353/1, КП6350, КП6351, КП6352/2, КП6318, продолжува по постојната улица на КП6552,
- на **исток** продолжува по постојната улица на КП 6591,
- на **југ** се движи по осовината на улицата „Моински пат"
- на **запад** по осовините на улица „Новопланирана 1"

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **12,47 ха**.

**Повторената јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден 14.09.2021 година со почеток во 12.00 часот.**

Деталниот урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Јавната анкета ке трае 5 работни дена и тоа од 15.09.2021г. до 21.09.2021г., секој работен ден од 08 до 16 часот.

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови кои може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку електронскиот систем е-урбанизам.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***м-р Сашо Поцков***